
ОПШТИНА
СВЕТИ НИКОЛЕ
ВИСТИНСКИОТ
ИЗБОР
ТВОЈОТ ЧОВЕК! ТВОЕТО МЕСТО! ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!
ВМРО-ДПМНЕ

# ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! - ТВОЕТО МЕСТО! - ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

## ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ



Драги мои пријатели, соседи, сограѓани,

Секој од нас има своја приказна. Твојата почнува таму каде што чекориш секој ден – по твојата улица, низ твоето маало, во твојот град. Таму се случиле првите радости и првите таги. Таму си ги доживеал првите победи, но и првите порази. Таму си создал пријателства, семејство и спомени. Тоа е местото кое те изградило и кое те држи.

Знам дека не секогаш е лесно. И јас сум имал моменти на дилема – дали вреди? дали ќе успееме? Но секогаш, одговорот го наоѓам во луѓето што ги среќавам секој ден – во работникот што се бори чесно за лебот, во мајката што не се предава за своите деца, во младиот човек што сонува да остане тука, дома.

Оваа прва година како премиер беше година на тежина, но и на надеж. Знам дека чекате повеќе, и искрено ви велам – и јас сакам повеќе. Но најважно е дека патот е отворен. И дека веќе почнавме. Почнавме да ја враќаме довербата во државата и да ни се создава надежта дека иднината може да биде подобра.

Твоето маало, твојата општина, твојот град – тоа не се само зборови. Тоа е твојот дом. И за домот, се бори човек со сè што има.

Затоа овие избори не се само политика. Овие избори се твојата приказна. Тоа е избор за училиштето каде учат твоите деца или внуци. За паркот каде се среќаваш со пријателите. За болницата во која очекуваш грижа. За патот по кој одиш секое утро на работа. За тоа дали ќе продолжиме напред – или ќе дозволиме повторно да нè враќаат назад.

Знам што значи да имаш доверба. И знам што значи народното – „Имам свој човек“. Тоа е оној што ќе ти помогне, ќе заврши работа, ќе биде покрај тебе кога ти е најтешко. Тој човек е твојот градоначалник, кој со труд, посветеност и резултати докажа дека може да се потпреш на него. Тоа е твојот човек. За твоето место, за твојата иднина.

Затоа ти велам со искрена благодарност: -твојот глас е повеќе од политичка одлука. Тој е знак дека не се откажуваме, дека веруваме, дека сакаме подобро. Секој глас е порака – дека сакаме надеж, сакаме правда, сакаме иднина тука, дома.

Драги мои луѓе,

Не ветувам дека ќе биде лесно. Но ветувам дека ќе биде вистински. Со чесност, со работа и со истрајност. Ветувам дека нема да се откажеме!

Времето на Македонија допрва доаѓа. Тоа е времето во кое секој од нас ќе каже: -да, вредеше. Вредеше затоа што имав свој човек. Вредеше затоа што моето место продолжи да расте. Вредеше затоа што имам иднина тука, во мојата земја.

Ве повикувам, замолувам, како ваш сосед, пријател, сограѓанин, излезете на овие избори, со надеж, оптимизам и непоколеблива волја, и бидете силата на промените и иднината и направете го Вистинскиот избор!

Со Твојот човек.

За Твоето место.

За твојата иднина!

Со благодарност и надеж,

Христијан Мицкоски



Пред четири години, заедно тргнавме по патот на промени и напредок за Свети Николе. Со ваша доверба, со посветеност и упорна работа, заедно изградивме основа врз која денес можеме уште повеќе да создаваме. Гордо можам да кажам дека дел од ветувањата се претворија во реалност – подобрена инфраструктура, реконструкција и изградба на улици, нови згради и населби за домување, инвестиции во образованието, реконструкција на училиштата, поддршка за земјоделците, чиста и уредена животна средина, поддршка на спортот и културата. Но, ова е само почетокот.

Денес, пред вас застанувам со истата енергија, но со уште поголемо искуство и визија за наредните четири години. Знам колку многу можеме кога сме обединети и кога интересите на граѓаните се на прво место.

Во следниот мандат, мојот тим и јас ќе продолжиме со реализација на значајни проекти во следниве области кои се најзначајни за Свети Николе:

- **Модерна општинска инфраструктура**
- **Услови за нови инвестиции и работни места**
- **Модерни училишта и услови за образованието и младите во нашата општина**
- **Инвестиции во спортот за општина со здрави навики**
- **Зелена, чиста и енергетски ефикасна општина**
- **Поддршка и промоција на локалниот туризам**
- **Функционален систем за социјална и здравствена заштита**

Нема да ги заборавиме и вашите идеи кои ги дававте целиот изминат период, но и проектите за нашите села кои ќе продолжат да живеат, и никогаш нема да останат заборавени.

Мојата визија за следните четири години е Свети Николе да стане пример за современа, уредена и економски развиена општина, каде секој граѓанин ќе има еднаква шанса за успех и квалитетен

живот.
Знам дека патот не е лесен, но знам и дека заедно можеме да продолжиме со темпото кое го започнавме. Затоа, на претстојните избори ја барам повторно вашата доверба. Не барам доверба само за мене, туку за сите нас. За младите кои остануваат, за семејствата кои градат тука, за постарите кои заслужуваат мирна старост.

**Свети Николе за сите!**
**Свети Николе за тебе!**
**Да живее Свети Николе!**
**Да живее Македонија!**

Со почит,
Дејан Владев



# А. МОДЕРНА ОПШТИНСКА ИНФРАСТРУКТУРА

## ➤ ПРОШИРУВАЊЕ НА МОСТОТ КАЈ РЕГИОНАЛНИОТ ПАТ СВЕТИ НИКОЛЕ - ПРОБИШТИП

Ќе се изврши проширување на веќе постоечкиот мост на регионалниот пат Свети Николе – Пробиштип (кај Отпад) со што ќе се овозможи побрз и побезбеден пристап до главниот сообраќаен коридор, со што ќе се подобри поврзаноста на општината и ќе се намали ризикот од сообраќајни незгоди.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ➤ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕЛ ОД УЛИЦА „ФИЛИП II“ (ОД КЛУЧКА СВЕТИ НИКОЛЕ СЕВЕР ДО КРУЖНА КРСТОСНИЦА) ВО СВЕТИ НИКОЛЕ

Со цел подобрување на локалната инфраструктура, проточноста на сообраќајот и зголемување на безбедноста, ќе се изврши целосна реконструкција на дел од улица „Филип II“, на потегот од клучка Свети Николе Север до кружната крстосница кај Основниот суд. Проектот опфаќа: замена и санација на коловозната конструкција, современо обележување и сигнализација. Понатаму е планирано на самиот опфат да се изврши и реконструкција на тротоари и дополнување со урбана опрема.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ➤ АСФАЛТИРАЊЕ И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ ВО ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

Асфалтирањето и реконструкцијата на улиците ќе биде во континуитет во текот на целите 4 години со што ќе се овозможи подобар живот, побрз транспорт и подобра инфраструктура за жителите на Општина Свети Николе.

Во текот на 2025–2026 година ќе се изврши асфалирање и реконструкција на следниве улици:

- Изградба на улици со целосна инфраструктура (канализација, осветлување, одведување на атмосферските води) во населба Кнежевски пат – новите куќи;
- Изградба на улица во с. Ерџелија, Општина Свети Николе;
- Изградба на улица „Петар Поп Арсов“ и улица „Климент Охридски“ во Населба Ливади;
- Реконструкција на дел од улица „Карпошева“ и дел од улица „11-та Македонска Бригада“;

- Реконструкција на крак од улица „4-ти Јули“ во Свети Николе;
- Реконструкција на дел од улица „Скопска“ (од крстосница со улица „Младинска“ до крстосница со улица „Скопска“ и од крстосница со „Скопска“ до крстосница со „Младинска“);
- Реконструкција на дел од улица „Скопска“ (од крстосница со улица „29-ти Ноември“ до крстосница со улица „Младинска“ во Свети Николе);
- Реконструкција на улица „Ванчо Ангелов“, во Свети Николе;
- Реконструкција на улици во с. Мустафино;

Понатаму, во текот на целиот мандат, ќе продолжиме со реконструкција и изградба на нови улици во сите населби и села, според приоритетите и потребите на жителите.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ➤ ТАМПОНИРАЊЕ НА ПРИСТАПНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПАТИШТА СЕКАДЕ КАДЕ Е ПОТРЕБНО И Е ВОЗМОЖНА НИВНА РЕКОНСТРУКЦИЈА

Продолжуваме со тампонирање и уредување на пристапни земјоделски патишта, како и пробивање на нови и реконструкција на постојните, со цел подобрена пристапност до земјоделските површини и олеснет транспорт на производите. Активностите ќе се изведуваат каде што е потребно и технички возможно, со континуирана реализација со почеток од 2025 година и континуирано од средствата добиени од закуп на земјоделско земјиште.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ➤ РЕШАВАЊЕ НА ТЕКОВНИ ПРОБЛЕМИ ВО РУРАЛНИТЕ МЕСТА

Асфалирање/тампонирање на улици, изградба на канализација и водовод и изградба и реконструкција на детски игралишта (поставување на подлога и оградување на истите) и започнување со истражни бушотини во населените места каде нема вода за пиење.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ➤ РЕДОВНО ОБНОВУВАЊЕ НА ХОРИЗОНТАЛНАТА И ВЕРТИКАЛНАТА СИГНАЛИЗАЦИЈА

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ➤ ПОСТАВУВАЊЕ НА АВТОБУСКИ СТОЈАЛИШТА ВО ГРАДОТ И СЕЛАТА

Продолжуваме со редовно обележување на хоризонталната и поставување на вертикалната сообраќајна сигнализација на градските улици и локалните патни правци, како и поставување на успорувачи на сообраќајот на прометните улици за зголемена

безбедност. Ќе поставиме 2 нови автобуски стојалишта со унифициран изглед и соодветна урбана опрема, како и 5 станици за велосипеди и електрични тротинети со соларни полначи, за поттикнување на одржлива мобилност. Разгледување на можности за поставување на автобуски стојалишта во руралните средини.

## ИЗГРАДБА НА КОМПЛЕТНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО НОВАТА НАСЕЛБА НА „КНЕЖЕВСКИ ПАТ“

Изведба на целосна комунална инфраструктура – асфалтирани улици, водоводна и канализациона мрежа, улично осветлување и уредени тротоари, со цел новата населба на „Кнежевски пат“ да добие современи и безбедни услови за живеење. Напомена: Веќе се обезбедени средства за водоводна мрежа.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ИЗРАБОТКА НА ПЛАН ЗА ОДРЖЛИВА УРБАНА МОБИЛНОСТ (SUMP)

Изработка на стратегиски документ кој ќе ги дефинира насоките за развој на одржлива урбана мобилност во Општина Свети Николе. Планот ќе опфати: анализа на тековната состојба, воспоставување на приоритети за развој на јавниот превоз, велосипедската и пешачката инфраструктура, дигитални решенија за мобилност, подобрување на паркинг-системот, како и воведување на зелени транспортни практики.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ТРОТОАРИ ВО ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ

Реконструкција и уредување на тротоарите во централното градско подрачје на Свети Николе со цел подобрување на безбедноста и пристапноста за пешаците, лицата со попреченост и повозрасните граѓани. Проектот освен реконструкција предвидува поставување на нова урбана опрема, разгледување на можности за проширување на делови од пешачките патеки и уредување на зелените површини покрај тротоарите.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ЗАПОЧНУВАЊЕ СО ЗОНСКО ПАРКИРАЊЕ ВО ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ И ПРОШИРУВАЊЕ СО ДОПОЛНИТЕЛНИ ПАРКИНГ-МЕСТА

Воведување на зонско паркирање во централното градско подрачје со цел воспоставување ред во паркирањето, зголемување на бројот на достапни паркинг-места, побрз проток на сообраќајот и намалување на бучавата и загадувањето. Проектот предвидува и проширување на постојните капацитети со дополнителни паркинг-места на повеќе локации со поставување на монтажни паркиралишта.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ПАРКИНГ-ЗОНА „СТОЧЕН ПАЗАР“ ЗА КОМБИ И ТОВАРНИ ВОЗИЛА

Со цел регулирање на паркирањето во градското подрачје и заштита на јавните површини, Општина Свети Николе ќе воспостави посебна паркинг-зона на локацијата „Сточен пазар“, наменета за комби и лесни товарни возила. Согласно со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и надлежностите на општината, Советот ќе донесе одлука за регулирање на паркирањето на вакви возила на тротоари, улици и јавни простори во централното градско подрачје, со задолжително пренасочување кон оваа специјализирана зона. Со воспоставувањето на паркинг-зоната ќе се намали притисокот врз јавниот простор, ќе се подобри безбедноста и протокот на сообраќајот и ќе се обезбеди долгорочно уреден систем за паркирање.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ГРАДСКИОТ ПАЗАР

Реконструкција на внатрешниот дел и кровот на затворениот дел на Градскиот пазар за подобрување на безбедноста и функционалноста на просторот за продавачите и посетителите.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## УРЕДУВАЊЕ (ОПЛЕМЕНУВАЊЕ) НА ПОТЕГОТ ТРИАГОЛНИКОТ ПРЕД БАРАКИ

Ќе се изврши уредување и оплеменување на потегот Триаголник пред населба Бараки спроти Шиткарски, со поставување урбана опрема (клупи, жардињери, корпи за отпадоци), озеленување и хортикултурно уредување. Со ова ќе се создаде уреден јавен простор кој ќе придонесе за разубавување на ова подрачје и ќе овозможи пријатно место за одмор и дружење на граѓаните.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ КАЈ ЦРКВАТА „СВЕТИ НИКОЛАЈ“

Ќе се изврши уредување и оплеменување на просторот околу црквата „Свети Николај“ преку поставување на урбана опрема (клупи, жардињери), партерно и хортикултурно уредување, како и подобрување на пристапните патеки. Ќе се изврши реновирање на базентот. Со ова ќе се обезбеди достоинствен изглед на просторот околу црквата меѓу Саат-Кулата и камбанаријата и пријатна атмосфера за граѓаните и посетителите.

**Рок за реализација:** 2025-2029



# Б. ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА

## ПОДОБРУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ УСЛОВИ ЗА ВОДЕЊЕ БИЗНИС И ПОДДРШКА НА МСП

Континуирана поддршка на МСП и подобрување на локалните услови за водење на бизнис преку:

- Организација на форуми, трибини, работилници и обуки за развој на претприемништво, дигитализација и нови технологии;
- Поттикнување на заедничко учество на саеми и изложби со цел промоција на локалните компании и производи;
- Анкетирање и истражувања за потребите на стопанството, со цел прилагодување на локалните политики;
- Организација на социјален дијалог;
- Изработка и редовно ажурирање на регистри на активни претпријатија, земјоделци, сточари, пчелари, семејни винарии и мали производители на храна;
- Организација на промотивни денови на локални производи, како поддршка на светиниколските производи;
- Поддршка на компании и земјоделци при аплицирање за средства од ИПАРД, ИПА и други меѓународни фондови;
- Создавање услови за поддршка на занаетчиството како и поддршка на иновациите и претприемништвото и креативните индустрии.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ВОДИЧ ЗА ПРИВЛЕКУВАЊЕ НА ДОМАШНИ И СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ

Ќе се изработи детален Водич за инвеститори кој ќе ги содржи сите потребни информации за можностите и условите за инвестирање во Општина Свети Николе. Во рамките на оваа активност ќе се реализира:

- Анализа за развој на погодни индустрии (агропреработка, обновливи извори на енергија, лесна индустрија, логистика и туризам);
- Промоција на индустриските зони и слободните парцели погодни за инвестирање;
- Подготовка на онлајн-платформа „Invest in Sveti Nikole" со информации, можности и контакти за потенцијални инвеститори;
- Воспоставување на локален инвестициски тим за поддршка на нови вложувања;

- Презентација на Општината пред потенцијални инвеститори на национално и меѓународно ниво.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## АКЦИЈА ЗА НОВИ ВРАБОТУВАЊА И ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИ БИЗНИСИ

Општина Свети Николе ќе воспостави стимулативни мерки за новоотворени фирми и семејни бизниси. За фирми кои во определен период (2-4 години) ќе вработат над 5 лица, ќе се овозможи пропорционален попуст на определени давачки кон општината: комуналии, фирмарина и други локални давачки.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## КОНКУРС ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ПРАВА НА КОРИСТЕЊЕ НА ОЗНАКАТА-БРЕНД „СВЕТИ НИКОЛЕ“

Продолжуваме со поддршка на локалното производство и промоција на традиционалните производи од нашата општина преку организирање конкурс за доделување на право на користење на ознаката – бренд „Свети Николе“. Со оваа ознака, производителите од Свети Николе ќе можат да го идентификуваат својот производ како автентичен, квалитетен и локален. Конкурсот ќе поттикне зголемување на видливоста на локалните производи, подобрување на производството и афирмирање на општината како центар на традиционални и квалитетни производи.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ДОДАВАЊЕ НА ЛОКАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА РЕТАИЛ ПАРК

Проектот предвидува измена и дополна на урбанистичката документација со цел додавање на нова локација со намена Б и Г како нова локација за изградба на Ретаил парк. Со оваа интервенција се овозможува современ трговски простор кој ќе ја зголеми економската понуда, ќе создаде нови работни места и ќе ја подобри инфраструктурата и урбаното уредување на делот од градот. Локацијата ќе биде соодветно интегрирана во постојното урбанистичко планирање, со обезбедување на сообраќајни пристапи, паркинг-места и зелени површини.

**Рок за реализација:** 2025-2029



# В. ИНВЕСТИРАМЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И ВО МЛАДИТЕ ВО НАШАТА ОПШТИНА

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФАСАДА И КРОВ НА СОУ „КОЧО РАЦИН“

Проектот предвидува целосна реконструкција на фасадата и кровната конструкција на гимназиската зграда, со примена на енергетски ефикасни материјали и современи изолациски системи. Со ова ќе се обезбеди модерен и уреден изглед на зградата, подобрени услови за учениците и наставниците, како и значителни заштеди во потрошувачката на енергија.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ТОАЛЕТИТЕ И ИЗРАБОТКА НА ПРИСТАПНА РАМПА ВО СОУ „КОЧО РАЦИН“

Проектот предвидува целосна реконструкција и модернизација на санитарните јазли во училиштето, со примена на современи и хигиенски стандарди, како и изработка на пристапна рампа за лица со попреченост. Со реализацијата ќе се подобрат хигиенските услови, ќе се зголеми удобноста за учениците и вработените, и ќе се овозможи еднаков пристап до образованието за сите.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ПРОЕКТИ ВО СОУ „КОЧО РАЦИН“

- Поставување на безбедна и издржлива спортска подлога на надворешното кошаркарско игралиште и во балон-салата при гимназиската зграда во СОУ „Кочо Рацин“ за подобрување на условите за спорт и рекреација.
- Набавка на интерактивни табли.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ПРОЕКТИ ВО ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ СВЕТИ НИКОЛЕ

Во ова училиште ќе бидат реализирани следниве проекти за подобрување на условите во истото:

- Партерно уредување на училишен двор;
- Оградување на училишниот двор;
- Изградба на амфитеатар за настани и културни активности;
- Уредување на патеките во училиштето и на спортското игралиште;

- Поставување на урбана опрема во училишниот двор (клупи, корпи за отпадоци, осветлување);
- Поставување на подлога на надворешното спортско игралиште;
- Внатрешно уредување на училниците.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## Подрачно училиште Горобинци

- Внатрешно уредување на училниците.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ПРОЕКТИ ВО ООУ „КИРИЛ И МЕТОДИЈ" СВЕТИ НИКОЛЕ

Во ова училиште ќе бидат реализирани следниве проекти за подобрување на условите во истото:

- Партерно уредување на училишен двор;
- Оградување на училишниот двор (спортското игралиште);
- Изградба на амфитеатар за настани и културни активности;
- Бетонирање на патеки и на спортското игралиште;
- Поставување на урбана опрема во училишниот двор (клупи, корпи за отпадоци, осветлување);
- Поставување на подлога на надворешното спортско игралиште;
- Уредување на училишната ограда;
- Внатрешно уредување на училниците;
- Реконструкција на мостот од паркот.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ПРОЕКТИ ВО ООУ „ДАМЕ ГРУЕВ" С. ЕРЏЕЛИЈА СВЕТИ НИКОЛЕ

Во ова училиште ќе бидат реализирани следниве проекти за подобрување на условите во истото:

- Поставување на подлога на надворешното спортско игралиште и во балон-салата;
- Внатрешно уредување на училниците;
- Уредување на дворното место.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ПОДДРШКА НА ПРОЕКТИ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА УЧЕНИЦИ ПРИ ООУ И СОУ

Со цел активно вклучување на младите во креирањето на локални политики и унапредување на нивните вештини, Општина Свети Николе ќе воспостави програма за поддршка на мали проекти на ученичките организации во основните и средното училиште.

## ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИ ВО ООУ И СОУ

Продолжување на поддршка на ученици во ООУ и СОУ преку:

- Награда за талентирани ученици за основно образование за успеси на републички, олимписки и меѓународни натпревари;
- Доделување на еднократна парична помош на семејства со прваче;
- Награда за талентирани ученици за средно образование за успеси на републички, олимписки и меѓународни натпревари;
- Доделување на еднократна парична помош на семејства со средношколец.
- Исто така ќе се воспостави иницијатива за промена на постојните правилници за поддршка на учениците со цел еднаква можност за поддршка на сите.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ПОДДРШКА НА НАСТАВНИОТ КАДАР

- Продолжување на поддршка на наставниот кадар преку поддршка на наставниците-ментори на ученици коишто освоиле успеси на републички, олимписки и меѓународни натпревари.
- Исто така ќе се воспостави иницијатива за промена на постојните правилници за поддршка на наставниците-ментори.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ВОВЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИ УНИФОРМИ

Со цел поттикнување на дисциплина, еднаквост и препознатливост на учениците, ќе се воведат училишни униформи во основните и средните училишта во Општина Свети Николе. Униформите ќе придонесат за намалување на социјалните разлики, ќе ја зајакнат припадноста кон училиштето и ќе создадат попрофесионална училишна средина.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ИЗГРАДБА НА АДРЕНАЛИНСКИ И ФИТНЕС ПАРК

Во Општина Свети Николе ќе се изгради адреналински и фитнес-парк кој би служел за паркур и урбана физичка активност за младите, со модерна и безбедна опрема. Паркот ќе овозможи развој на физичките способности, креативност и социјализација, како и промоција на активен и здрав начин на живот.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## Kiss & Ride зони – Безбедно и брзо оставање на децата пред училишта

Ќе се разгледа можност за проширување на патиштата крај училиштата за поставување на зони „Kiss & Ride“ кои ќе им овозможат на родителите безбедно и брзо да

ги остават децата пред училиштата, со обележан коридор во близина пред влезот, каде родителите само ги оставаат децата без да паркираат. Придружни мерки за смирување на сообраќајот и ангажман на персоналот од ООУ за пресретнување на учениците надвор од училишниот двор. Ова ќе ја зголеми безбедноста, ќе го намали метежот и поттикнува поголема свест за безбедност во сообраќајот кај учениците и родителите.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ЏЕБОВИ ЗА МОБИЛНИ ТЕЛЕФОНИ ВО УЧИЛНИЦИ – ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

За подобрување на концентрацијата на учениците и редот во училниците, се предлага воведување на систем на џебови во училиштата каде учениците ги оставаат мобилните телефони пред почетокот на часовите. Телефоните можат да се користат само за време на одморите. Целта е зголемување на концентрацијата и дисциплината, како и подобрување на наставниот процес.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## СИСТЕМ НА ПОСТОЈАНА ЗАШТИТА НА УЧИЛИШТАТА И ГРАДИНКИТЕ ВО ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

Со цел зголемување на безбедноста на учениците, наставниците и општинскиот имот, Општина Свети Николе ќе разгледа можност за воведување постојана заштита на сите објекти на основните и средното училиште како и детските градинки на својата територија.

Предлогот ги опфаќа следниве мерки во зависност од објектот:

- Воспоставување на систем за физичко обезбедување (дежурни чувари или договор со агенција за обезбедување);
- Инсталација на алармен систем и систем за видео-надзор со камери со висока резолуција, покривајќи ги сите клучни влезови, дворови и критични простори;
- Подобрување на светлосната сигнализација и уличното осветлување во и околу училишните дворови;
- Како и развивање на протоколи за соработка помеѓу училиштата, општината и Министерството за внатрешни работи ПС Свети Николе за брза реакција во случај на инцидент.


Lorem ipsum dolor sit amet

# Г. ОПШТИНАТА ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА

## ДИГИТАЛНИ УСЛУГИ И ДИГИТАЛНА ОПШТИНА

Со цел поттикнување на економски развој и создавање услови за полесно и поефикасно работење на бизнис-заедницата и граѓаните, ќе се воведе систем на дигитални услуги и современа електронска управа. Ова ќе придонесе кон намалување на административните бариери, забрзување на постапките и зголемување на транспарентноста.

Предвидени активности:

- Ќе се изготви Каталог на услуги каде јавно ќе ги објавиме сите услуги што се нудат кон граѓаните, со целокупна потребна документација како и задолжителни рокови според кои треба да биде испорачана услугата кон граѓаните;
- Потоа ќе се пристапи кон дигитализација на услугите и поврзување со националниот портал за давање на услуги;

## Online пријавувања до инспекциските служби „ПРИЈАВИ ПРОБЛЕМ“, со што се намалуваат трошоците и времето за контроли и процедури;

- Дигитална платформа за активно вклучување на стопанските субјекти и граѓаните во процесот на одлучување (јавни анкети, коментари, предлози);
- Систем за онлајн-плаќање на поголем дел од локалните давачки и услуги, со што се олеснува работењето на компаниите и граѓаните, а се подобрува ликвидноста на општинскиот буџет.
- **Рок за реализација:** 2025-2029

Со следниве активности ќе се добијат следниве ефекти: Подобрување на деловната клима, намалување на административни трошоци, привлекување на инвеститори преку транспарентен систем, подобра наплата на приходи и поголема финансиска стабилност на општината.

## ИНСТАЛИРАЊЕ НА ВИДЕО-БИМ КАЈ ДОМОТ НА КУЛТУРАТА – СВЕТИ НИКОЛЕ

Се разгледува можноста за поставување на видео-бим на терасата кај плоштадот над влезот на киното или на столбовите пред влезот на градскиот парк. Со ова ќе се овозможи софистицирана промоција на културни и спортски настани, намалување на хаотичното лепење плакати низ градот, разубавување на плоштадот и обезбедување

долгорочен финансиски бенефит за општината. Видео-бимот може да се користи за разни промотивни, културни и информативни содржини, со цел поттикнување на јавниот интерес и активност во централното градско подрачје.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## АДРЕСЕН РЕГИСТАР

Со проектот ќе се изврши усогласување на теренски собраните податоци од Агенцијата за катастар на недвижности со податоците на општината, по што ќе следи систематско теренско обележување на сите улици со називи и на сите објекти со куќни броеви. Реализацијата на проектот ќе овозможи поефикасно функционирање на јавните институции, полесен пристап на службите за итни интервенции, поедноставени административни постапки и современо урбано управување.

**Рок за реализација:** 2025-2029



# Д. ИНВЕСТИРАМЕ ВО СПОРТОТ ЗА ОПШТИНА СО ЗДРАВИ НАВИКИ

## ИЗГРАДБА НА СОБЛЕКУВАЛНИ И ПОКРИВАЊЕ НА ТРИБИНСКИОТ ПРОСТОР НА ГРАДСКИОТ СТАДИОН ВО СВЕТИ НИКОЛЕ

Со цел унапредување на спортската инфраструктура и создавање подобри услови за тренинг и натпревари на локалните спортски клубови и рекреативци, конечно ќе се реши децениските проблем со изградба на еден современ објект со соблекувални на Градскиот стадион, воедно ќе се постави челична конструкција за покривање на дел од трибинскиот простор.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СПОРТСКА САЛА „ЦАР САМОИЛ“ – ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

Предвидена е реконструкција на спортската сала „Цар Самоил“ со цел подобрување на условите за спортски активности, зголемување на безбедноста и комфорот за спортистите и посетителите.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ИЗГРАДБА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКИ СПОРТСКИ ИГРАЛИШТА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОСТОЕЧКИТЕ

Ќе се изградат повеќенаменски спортски игралишта како и реконструкција на постоечките за истите да бидат достапни за сите граѓани, со цел промоција на здрави навики и активен живот. Игралиштата ќе бидат опремени за различни спортови и рекреативни активности, овозможувајќи спорт и забава за деца, млади и возрасни.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ПОДДРШКА НА СПОРТСКИТЕ КЛУБОВИ, ЗДРУЖЕНИЈА И УЧИЛИШНИОТ СПОРТ

Продолжуваме со поддршка на спортските клубови, здруженија и училишниот спорт преку обезбедување на финансиски и логистички ресурси за тренинзи, натпревари и опрема. Со ова се стимулира активен и здрав живот кај младите, се развива спортскиот дух и се унапредува квалитетот на спортските активности во општината.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ПОДДРШКА НА ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ

Продолжуваме со поддршка на традиционалните спортски турнири во Општина Свети Николе, како што се: Летен турнир во мал фудбал, Турнир во мал фудбал – с. Мустафино, Турнир во мал фудбал – с. Ерџелија, Турнир во кошарка 3x3, Меморијален турнир „Александар Серафимов“ и Меморијален турнир во шах „Тони Милошев“. Паралелно, се разгледуваат можности за организирање нови спортски настани кои ќе ја збогатат понудата и ќе поттикнат учество на сите генерации.

**Рок за реализација:** 2025-2029



# Ѓ. ЗЕЛЕНА, ЧИСТА И ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

## ИЗГРАДБА НА НОВА ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА ЗА ОТПАДНИ ВОДИ НА ЛОКАЦИЈА КАЈ ПОСТОЕЧКАТА ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА ЗА ОТПАДНИ ВОДИ

Проектот предвидува изградба на нова пречистителна станица за отпадни води на локација кај постоечката пречистителна станица. Со ова ќе се обезбеди современо, ефикасно и долгорочно решение за третман на отпадните води од градот и околните населени места, со цел заштита на животната средина и здравјето на граѓаните. Новата станица ќе овозможи поголем капацитет, поефикасна пречистка и усогласување со современите еколошки стандарди.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## СТАБИЛНО ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА СИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА

Проширување на капацитетите на филтерната станица за вода за пиење „Сивиртепе“ со цел кон истиот систем да се изврши приклучување на следниве населени места: Ерџелија, Мустафино, Кадрифаково, Пеширово, Амзабегово и Црнилиште, како и обезбедување алтернативно водоснабдување преку бушотините „Дивјак“ и стариот водовод во летниот период, како и започнување со истражни бушотини за водоснабдување и довод до резервоари во населените места: Павлешенци и Трстеник со цел стабилно и квалитетно снабдување на сите граѓани.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА С. КАДРИФАКОВО И КНЕЖЈЕ

Проектот предвидува изградба на фекална канализациона мрежа која ќе овозможи собирање и безбедно одведување на отпадните води од селото Кадрифаково до предвидената привремена таложница за предтретман на водите, со цел подобрување на хигиената, санитарните услови и квалитетот на животот на жителите. Како и изградба на фекална канализација за село Кнежје.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ПОСТАВУВАЊЕ НА ФОТОВОЛТАИЧНИ СИСТЕМИ НА ЈАВНИ ЗГРАДИ

Ќе се поставаат фотоволтаични системи на крововите на јавните згради во Свети Николе за производство на електрична енергија, со цел намалување на трошоците за енергија, зголемување на енергетската ефикасност и поттикнување на употребата на обновливи извори.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ЗЕЛЕН КАТАСТАР НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ – ЗА ПЛАНСКО И ОДГОВОРНО РЕШЕНИЕ ЗА ЗЕЛЕНИТЕ ПОВРШИНИ ВО ГРАДОТ

Изработката на Зелениот катастар ќе биде основа за унапредување на зелените урбани површини кои покрај функционалните, рекреативните и социјалните функции придонесува кон намалување на загадувањето и намалување и адаптирање на климатските промени. Со Зелениот катастар ќе се создаде база на податоци за точната местоположба, големината и состојбата на зелените површини. Ќе се создаде можност за евидентирање на сите промени кои се случуваат на зелените површини. Истиот понатаму ќе биде одлична база за изработка на Стратегија за развој на зеленилото, и годишни програми за подигање и одржување на зеленилото. Како и повторно започнување на акции како ден на дрвото во Општина Свети Николе.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## СИСТЕМ ЗА ЗАШТИТА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ И ОБЈЕКТИ

Со цел трајно зачувување на јавните простори и објекти, ќе воспоставиме современ систем кој ќе обезбеди:

- Видео-надзор на клучни локации (паркови, игралишта, плоштади и други јавни површини);
- Дежурни служби за навремена интервенција;
- Буџетски поддржани програми за одржување и заштита на урбаната опрема и детските содржини.

Овој систем ќе придонесе кон почиста, побезбедна и поуредена општина, заштитена од вандализам и уништување, каде јавните површини ќе останат достапни и уредни за сите граѓани.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## НАБАВКА НА КОМУНАЛНА ОПРЕМА И МЕХАНИЗАЦИЈА (КОМБИНИРАН БАГЕР (РОВОКОПАЧ – НАТОВАРАЧ) КАМИОН ЗА СОБИРАЊЕ СМЕТ И МЕТЛАРКИ) ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЈКП СВЕТИ НИКОЛЕ

Со цел унапредување на квалитетот и ефикасноста на комуналните услуги, Општина Свети Николе ќе обезбеди нова современа механизација за ЈКП „Комуналец" – Свети Николе. Во рамки на набавката ќе бидат обезбедени: Комбиниран багер (ровокопач – натоварач) со повеќенаменска употреба (ископи, чистење, натоварување и транспорт на материјали); Камион за собирање смет, кој ќе овозможи поефикасно управување со отпадот и редовно подигнување на комуналниот смет; Механички метларки за одржување на јавните површини и улиците во градот. Со што ќе се постигне подобрување на јавната хигиена и условите за живот во Општината, намалување на оперативните трошоци и времето за извршување на комуналните задачи, поголема ефикасност при итни интервенции и санација на инфраструктурни проблеми како и подобра услуга за граѓаните и чиста урбана средина.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ИЗРАБОТКА НА КАТАСТАР НА ЗАГАДУВАЧИ НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

Со цел подобро управување со животната средина и контрола на загадувањето, ќе се изработи Катастар на загадувачи на територијата на Општина Свети Николе, кој ќе овозможи прибирање и систематизирање на податоци за индустриски, комерцијални и домашни загадувачи; креирање дигитална база со информации за видот, количеството и местото на емисија на загадувачки материи; воспоставување механизми за мониторинг, евиденција и редовно ажурирање на податоците; врз основа на катастарот, креирање на стратегии за намалување на загадувањето и промовирање на чиста енергија.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ОСПОСОБУВАЊЕ НА МЕРНИ СТАНИЦИ ЗА АМБИЕНТАЛЕН ВОЗДУХ

Во рамки на заложбите за зачувување на животната средина и здравјето на граѓаните, ќе се изврши реконструкција на мерните станици за амбиентален воздух, со цел редовно мерење и транспарентно објавување на резултатите на веб-страницата на Општина Свети Николе.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ДОИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КАНАЛИЗАЦИОНА И ВОДОВОДНА МРЕЖА ВО ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

Со цел подобрување на хигиенските услови, унапредување на квалитетот на животот на граѓаните и заштита на животната средина, Општина Свети Николе ќе спроведе проект за доизградба и реконструкција на канализационата и водоводната мрежа на својата територија.

Проектот предвидува:

- Реконструкција на постоечките канализациони и водоводни линии со цел зголемување на капацитетот, намалување на загубите и обезбедување поефикасно функционирање;
- Доизградба на нови канализациони и водоводни линии во непокриените населени места и делови од градот;
- Инсталација на современи шахти и системи за контролирано одведување на отпадни води;
- Воведување современи технички решенија за подобро управување и одржување на водоснабдителниот и канализациониот систем.

Оваа мерка ќе обезбеди постабилно водоснабдување, значително намалување на загубите на вода, подобра заштита од загадување и унапредување на јавната хигиена и квалитетот на животната средина во општината.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## РЕКОНСТРУКЦИЈА И НОВА ОПРЕМА НА ПУМПНИ СТАНИЦИ

Ќе се изврши целосна реконструкција на препумпната станица кај „Југо-Тутун“ и резервоарите кај Здравствениот дом, со замена на застарените пумпи и електрични инсталации. Со поставување на нови и енергетски поефикасни пумпи ќе се обезбеди стабилно водоснабдување и ќе се намалат трошоците за електрична енергија.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ВКЛУЧУВАЊЕ НА ВОЛОНТЕРИ И ПРАКТИКАНТИ ЗА ОЗЕЛЕНУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ

Во согласност со Законот за волонтерство и Законот за практиканство, ќе се воспостави официјална Програма за волонтерство и практиканство во Општина Свети Николе. Програмата ќе овозможи активно вклучување на граѓаните, младите и локалните организации во проекти од јавен интерес, како озеленување, одржување на јавни простори и културни активности. Волонтерите ќе добиваат обуки и поддршка, а нивното учество ќе биде признаено и наградувано. Целта е создавање на активна, одговорна и ангажирана заедница.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЕКОЛОШКИ КАМПАЊИ ЗА ПОДИГАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСТ

Ќе се организираат редовни еколошки кампањи за подигање на јавната свест за заштита на животната средина. Кампањите ќе вклучуваат информативни активности, акции за чистење и едукација на граѓаните, со посебен фокус на младите. Целта е да се поттикне одговорно однесување кон природата и зачувување на зелените и јавните простори.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ЕКО-ПАТРОЛИ – ЗА ПОЧИСТО И ЗДРАВО СВЕТИ НИКОЛЕ

Ќе формираме Еко-патроли составени од млади волонтери од невладините организации кои ќе патролираат на територијата на Општина Свети Николе со униформа и легитимација. Членовите ќе вршат мониторинг на јавната чистота, ќе едуцираат граѓаните за правилно одлагање на отпадот, ќе вршат опомени и ќе документираат прекршоци. Активностите ќе бидат јавно презентирани на централно пано, а најуспешните членови ќе бидат наградени од градоначалникот. Проектот има за цел зголемување на свеста за заштита на животната средина и активно учество на младите во граѓанските активности.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ОТСТРАНУВАЊЕ НА ХАВАРИСАНИ ВОЗИЛА – ПОЧИСТИ ЈАВНИ ПОВРШИНИ ВО СВЕТИ НИКОЛЕ

Ќе започне систематско отстранување на сите хаварисани и отпадни возила од јавните површини на Општина Свети Николе. Активноста ќе ја подобри јавната чистота, безбедноста и естетиката на градот, а истовремено ќе овозможи повеќе простор за граѓаните и уредни сообраќајни патеки и дополнителни места за паркирање.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## „НОВ ГРАДСКИ ПАРК 2.0 – УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОДРЖИНИТЕ"

Продолжуваме со модернизацијата на новиот градски парк: реконструкција на партерното уредување на пешачки патеки во новиот градски парк во Свети Николе, воведување на дополнителни содржини во постојаниот амфитеатар – бина со сцена и др., реконструкција на постојаната и надополнување со дополнителна урбана опрема и доуредување на зелени површини, изградба и поставување на куќички за птиците за време на зимскиот период, создавајќи „Парк за сите – спорт, култура и рекреација на едно место".

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ГРАДСКИ ПАРК „АЛЕКСАНДАР СЕРАФИМОВ“ – СРЦЕТО НА ЗЕЛЕНОТО СВЕТИ НИКОЛЕ

Ќе го претвориме нашиот најголем парк во модерен, уреден и безбеден простор за сите генерации. Ќе се реконструираат патеките, ќе се постави удобна и современа урбана опрема, ќе воведеме паметен систем за наводнување, одржување, контрола и осветлување, ќе се реконструира Споменикот на паднатите борци од НОБ и фонтаната во Паркот, ќе се засади ново зеленило и ќе се збогатат детските игралишта со нови и безбедни содржини, изградба и поставување на кућички за птиците за време на зимскиот период. Нашата цел е паркот да стане омиленото место за прошетки, игра и одмор на сите жители на Свети Николе.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## УРБАНО СРЕДУВАЊЕ НА ОКОЛИНАТА ОКОЛУ СВ. СПАС РЕЦКО МААЛО

Општина Свети Николе ќе изврши урбано средување и разубавување на просторот околу крстот Св. Спас во Рецко Маало, со создавање мало паркче со клупи, заградување со блок-жардињери и други уредувања. Проектот ќе овозможи инфраструктурно заокружување на локалитетот, подобрување на еколошкиот и верскиот амбиент и зголемена искористеност на просторот за граѓаните.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## УРЕДУВАЊЕ НА РЕЧНОТО КОРИТО НА ГОРОБИНСКА РЕКА СЛЕДНА ФАЗА

Во рамките на активностите за уредување на јавните простори и заштита од поплави, Општина Свети Николе ќе продолжи со уредување и бетонирање на речното корито на Горобинска река, на потегот од мостот на ул. „Питу Гули“ до мостот на ул. „Крсте Мисирков“ (во близина на ДГ „Рахилка Гонева“). Со реализацијата на оваа фаза ќе се постигне разубавување на просторот, зголемена безбедност за жителите и значително намалување на потенцијалните закани од поројни води и поплави.

**Рок за реализација:** 2025-2029



# Е. ПОДДРШКА И ПРОМОЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ТУРИЗАМ

## ИЗГРАДБА НА ПАТНИОТ ПРАВЕЦ ПРЕОД – БАРЕШ – ИЗЛЕТНИЧКО МЕСТО ЃУРИШТЕ

Ќе изградиме модерен патен правец кој ќе овозможи побрзо, полесно и побезбедно поврзување на селата Преод и Бареш со излетничкото место Ѓуриште, со директен пристап покрај автопатот. Овој проект ќе го поттикне развојот на туризмот, ќе го олесни пристапот до природните убавини и ќе придонесе за економски бенефити за локалната заедница.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СААТ-КУЛАТА – СИМБОЛОТ НА НАШИОТ ГРАД

Ќе ја обновиме и разубавиме Саат-Кулата – еден од најпрепознатливите симболи на Свети Николе и гордост на нашата историја. Со внимателна реконструкција и конзервација ќе го зачуваме нејзиниот автентичен изглед, додека ќе воведеме современо осветлување и уредување на просторот околу неа. Нашата цел е Саат-Кулата повторно да заживее како атракција за жителите и посетителите, место за фотографии, прошетки и гордост за секој светиниколчанец.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СПОМЕНИКОТ НА ПАДНАТИТЕ БОРЦИ ОД НОБ

Во рамките на поддршката и промоцијата на локалниот туризам, ќе се изврши реконструкција и естетско уредување на Споменикот на паднатите борци од НОБ. Споменикот ќе биде достапен и атрактивен за туристите, истовремено зачувувајќи ја историската и културната вредност. Со ова, се овозможува дополнително афирмирање на општината како дестинација со богато историско наследство.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ПОДДРШКА И ПРОМОЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ТУРИЗАМ

Ќе се поддржуваат и промовираат локалните туристички потенцијали, како културни настани, природни убавини и историски знаменитости. Проектите ќе вклучуваат подобрување на туристичката инфраструктура, информативни точки и активности кои ќе ја промовираат Општина Свети Николе како атрактивна дестинација за посета. Целта е зголемување на посетеноста, развој на локалната економија и афирмација на културното и природното наследство.

Ќе се спроведат акции за:
- изготвување на Календар на настани за обележување на манифестации, јубилеи, годишнини на значајни настани и на истакнати личности во Општина Свети Николе, како и
- мапирање на културни или природни знаменитости како можни туристички атракции, како и локалитети, правни субјекти и организации од значење за начинот на живот (културен, традиционален, верски и др.) и работа на жителите на Општина Свети Николе.

Изработка на:
- Програма за обележување на јубилејни годишнини на значајни настани и на истакнати личности во Општина Свети Николе;
- Регистар со календар на традиционални настани и манифестации кои се одржуваат на територијата на Општина Свети Николе кои се од значење за начинот на живот (културен, традиционален, верски и др.) и работа на жителите на Општина Свети Николе;
- Регистар на локалитети, културни и природни знаменитости и спомен-обележја на територијата на Општина Свети Николе кои се од значење за начинот на живот (културен, традиционален, верски и др.) и работа на жителите на Општина Свети Николе;
- Програма за обележување на значајни настани и истакнати личности со спомен-обележја;
- Регистар на спомен-обележја.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ➤ ОСВЕТЛУВАЊЕ НА АРХЕОЛОШКИОТ ЛОКАЛИТЕТ „БИЛА ЗОРА“

Ќе се постави современо осветлување на археолошкиот локалитет „Била Зора“, со цел да се овозможи ноќна достапност и подобра видливост за посетителите, како и поголема можност за ископување на археолозите. Проектот ќе ја истакне историската вредност на локалитетот и ќе придонесе за зголемување на туристичката атрактивност на Општина Свети Николе.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ➤ ПОСТАВУВАЊЕ НА ИНФО-ТАБЛИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

Ќе поставиме табли „Добредојдовте во Свети Николе“ на влезните точки во Општина Свети Николе како и на информативни табли на клучни локации во Општина Свети Николе, со цел промоција на локалните туристички атракции, историски и културни вредности. Таблите ќе им помогнат на жителите и посетителите полесно да се ориентираат и да ја запознаат богатата понуда на општината, поттикнувајќи го локалниот туризам.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## МАНИФЕСТАЦИЈА ПРАЗНИК НА СОЛИДАРНОСТА И ПРИЈАТЕЛСТВОТО – БАЛКАНСКИ ВИКЕНД

Општина Свети Николе ќе организира „Балкански викенд" во првиот или последниот викенд по 1-ви Мај, со цел зајакнување на пријателските односи со балканските држави. Како дел од истиот ќе биде организиран Караван со промоција на манифестацијата во медиуми и збратимени и пријателски општини. Ова ќе биде семеен настан за посета на Општина Свети Николе од страна на туристи од регионот со цел зајакнување на пријателските односи и поттикнување на економска размена. Од страна на Општина Свети Николе за заинтересираните посетители ќе биде организиран превоз како и свечен пречек, а понатаму целиот викенд ќе биде проткаен со разни содржини во однапред организирана програма на манифестацијата што би вклучувала: Бесплатни посети на ОУ „Народен музеј" Свети Николе, Отворен базар на локални производи и ракотворби, разни спортски и рекреативни дружби – прошетки, тематски вечери со фолклорни и културни настани (концерти, настапи на играорни ансамбли) и гастрономска понуда со традиционални специјалитети.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## УРЕДУВАЊЕ НА ИЗЛЕТНИЧКОТО МЕСТО НА ЕЗЕРОТО МАВРОВИЦА

Уредување на излетничкото место кај езерото Мавровица, со продолжување на патот до уливот, изградба на паркинг за возила и поврзување со пешачки патеки меѓу летниковците за подобра пристапност и безбедност на посетителите, поставување на дополнителна урбана опрема, инфо-табли и сл. со цел подобрување на рекреативната и туристичката инфраструктура.



# Ж. ПОДДРШКА НА КУЛТУРНИТЕ НАСТАНИ ВО ОПШТИНАТА

## СВЕТИ НИКОЛАЈ – ПАТРОН НА ГРАДОТ СВЕТИ НИКОЛЕ

Поддршка за реализирање на чествувањето на патронот на градот, Свети Николај, во периодот од 17 до 19 декември којшто традиционално се одбележува како ден на градот Свети Николе со посебна пригодна програма адаптирана за сите генерации.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## 14-ТИ СЕПТЕМВРИ – ДЕН НА ОПШТИНАТА

Поддршка за реализирање на Денот на Општина Свети Николе каде ќе се организира свечена програма со културни настани, свечена седница на Советот на Општината и оддавање почит на значајни личности и учесници во борбата за ослободување на градот. Настанот ја истакнува историјата и културното наследство на општината.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ИЛИНДЕНСКИ МАРШ

Обезбедување средства и логистика за традиционалната коњаница на Илинденскиот марш, којашто секоја година заминува во чест на Илинденците до славното Крушево.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ПОДДРШКА НА КУЛТУРНО-УМЕТНИЧКИОТ НАСТАН „ТОДОРИЦА“

Поддршка за реализација на културно-уметничката програма, која традиционално се одржува на верскиот празник Тодорова Сабота, каде што покрај меѓународниот фестивал на изворен фолклор „Тодорица“, ќе се одржат и други културно-уметнички настани.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ПОДДРШКА НА КУД „ЈАНКО ГЛИГОРОВ“

Зачувување на традицијата на Овчеполието преку поддршка на КУД „Јанко Глигоров“ којшто преку своето долгогодишно постоење го претставува Свети Николе на манифестации и фестивали како во нашата земја, така и во странство.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ПОДДРШКА ЗА ЃУРИШКА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА – СВЕТИ НИКОЛЕ КАКО УМЕТНИЧКА СЦЕНА

Ќе продолжиме да ја поддржуваме возобновената Ѓуришката ликовна колонија, меѓународен настан со долга традиција, кој го промовира нашиот град како културно и уметничко средиште. Со учество на автори од Македонија и странство, Свети Николе станува домаќин на инспирација, креативност и културен дијалог. Оваа поддршка ја зачувува ликовната традиција и го зацврстува имиџот на нашиот град на уметничката мапа.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ПОДДРШКА ЗА МОТОСОБИРОТ ВО СВЕТИ НИКОЛЕ

Продолжуваме со обезбедување на финансиски средства за поддршка на манифестацијата – Мото-собир.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ПОДДРШКА НА КУЛТУРНО-УМЕТНИЧКО ДРАМСКО ДРУШТВО „СЦЕНА 71“

„Сцена 71“ опстојува повеќе од 4 децении и има реализирано многу аматерски театарски проекти. Финансиски ќе ги помогнеме идните театарски проекти од нивна страна.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ПОДДРШКА НА ГРАДСКИ МАНДОЛИНСКИ ОРКЕСТАР

Долгогодишниот градски мандолински оркестар со своите настапи успешно ја промовира нашата општина во нашата држава и надвор од нашите граници каде се здобива со разни значајни признанија.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## МАНИФЕСТАЦИЈА ШОУ ЗА ДЕЦА „ЅВЕЗДИЧКИ“

Продолжуваме со поддршка на традиционалниот годишен детски фестивал „Ѕвездички“, кој поттикнува развој на детските таленти, стимулира позитивен натпреварувачки дух и го збогатува културниот живот за најмладите генерации во општината.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ВОЛШЕБНА НОВОГОДИШНА ПРИКАЗНА ЗА СИТЕ ГЕНЕРАЦИИ

Ќе ја надополниме традиционалната Новогодишна и Божиќна програма со дополнителни активности. Ќе се организира свечено поставување на новогодишната елка со официјално вклучување на светилките, надополнета со новогодишни и божиќни песни во изведба на детските хорови од основните училишта, создавајќи магична ат-

мосфера во центарот на градот. Во Домот на културата ќе приредиме празнична програма со настапи на деца од предучилишна и училишна возраст, исполнета со музика, песни и насмевки. Настанот ќе биде место каде целото семејство ќе ја почувствува новогодишната и божиќната магија, ќе се дружи и ќе создаде незаборавни спомени. Ќе се организира хуманитарен Новогодишен Базар на плоштадот.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## МАНИФЕСТАЦИЈА „ДЕН НА ШЕГАТА – АПРИЛИЈАДА“

Манифестацијата „Ден на шегата – Априлијада“ е настан за 1-ви април кој преку забавни и креативни активности ја поттикнува фантазијата, хуморот и веселбата кај најмладите, создавајќи позитивна атмосфера за целата локална заедница.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ПОДДРШКА НА СВЕТИНИКОЛСКО КУЛТУРНО ЛЕТО ПРЕКУ ПОДДРШКА НА ПОСТОЈАНИТЕ И ВОВЕДУВАЊЕ НА НОВИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТОА:

## МАНИФЕСТАЦИЈА БЕЛА НОЌ

„Бела ноќ“ е годишна културна манифестација која промовира уметност, култура и локални музичари. Настанот вклучува концерти на отворено и други културно-уметнички активности, привлекувајќи жители и туристи, и ја афирмира Свети Николе како современа и живописна културна дестинација.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## МАНИФЕСТАЦИЈА ХИП-ХОП ФЕСТИВАЛ „МЛАДИНСКА ЕНЕРГИЈА ВО СРЦЕТО НА СВЕТИ НИКОЛЕ“

Продолжуваме со поддршка на фестивал кој го слави хип-хопот и урбаната култура, со настапи на локални и национални музичари, диџеи и танчерски групи. Настанот поттикнува креативност кај младите и ја афирмира Свети Николе како центар на современа младинска култура.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## МАНИФЕСТАЦИЈА КОРЗО – ФЕСТИВАЛ НА ГРАДСКИ АНСАМБЛИ

Продолжуваме со поддршка на културниот живот преку организирање на „Корзо денови“ – фестивал на градски ансамбли од околните и збратимените градови. Настанот ќе вклучува хорови, мандолински и плех-оркестри, клапи и други музички групи, со настапи на повеќе локации низ градот: Корзото, скалите пред стадионот, Спомениkот кај паркот, Плоштадот и кружниот тек. „Корзо денови“ ќе понудат музички колорит, ќе ја збогатат културната програма и ќе привлечат жители и туристи.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ФИЛМСКИ ВИКЕНД ПОД ОТВОРЕНО НЕБО

Организација на проекции во соработка со Кинотеката на Македонија на филмови во новиот парк, градскиот парк и други локации на отворено, за приближување на културата до граѓаните.

**Рок за реализација:** 2025-2029



# 3. ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

## НАДГРАДБА И ИЗГРАДБА НА НОВА ДЕТСКА ГРАДИНКА

Ќе ја надградиме постоечката градинка „Рахилка Гонева" – клон 1, со цел подобрување на условите за воспитно-образовниот процес, модернизација на просторот и обезбедување безбедна и пријатна средина за децата. Дополнително, ќе се изгради и нова детска градинка во Општина Свети Николе, за да имаме капацитети што ги следат потребите на населението и да им овозможиме на сите деца квалитетно предучилишно образование.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ПРОЕКТИ ВО ЈОУ ДЕТСКА ГРАДИНКА „РАХИЛКА ГОНЕВА"

Во Детската градинка ќе бидат реализирани следниве проекти за подобрување на условите за работа во истото:

- Изработка на едукативно детско игралиште во клон 2;
- Партерно уредување на клон 2;
- Замена на фасадата во клон 1;
- Збогатување на наставно-дидактичкиот материјал за игровни активности;
- Опремување на наставничкиот кадар со дигитални уреди и други ресурси за реализација на наставни програми;
- Оградување на детското игралиште во клон 1.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ПОДДРШКА НА РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ ГРАЃАНИ

Продолжуваме со континуирана поддршка на ранливите категории граѓани преку воспоставување функционален систем за социјална и здравствена заштита, кој вклучува:

- Исплата на еднократна парична помош согласно со Правилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош и помош во натура (бр. 0801-327 од 22.02.2023 г.), наменета за лица со попреченост, семејства без работа, семејства со еден работен член, семејства погодени од елементарни непогоди, социјално загрозени лица, лица за лекување и новороденчиња;
- Исплата на еднократна парична помош за жртви на семејно насилство и други видови насилство, како и за самохрани родители;

- Доделување социјални пакети по повод празници и за руралните средини, како и новогодишни подароци за лицата со попреченост;
- Организација на летен камп за лица со попреченост во месец август во детското одморалиште во Стар Дојран, со цел нивно рекреативно и социјално вклучување;
- Континуирана соработка со институции и организации за поддршка на граѓаните во социјално и здравствено загрозени ситуации.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ➤ Е-ИНФОРМАТОР ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Ќе се воведе дигитален „Е-информатор“ на веб-страницата на Општина Свети Николе, преку кој граѓаните на едно место ќе можат да добиваат информации за сите активности, услуги и програми што Општината ги спроведува во областа на социјална заштита.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ➤ ЗАПОЧНУВАЊЕ СО СОЦИЈАЛНА УСЛУГА ЗА НЕГА И ПОМОШ ВО ДОМОТ

Општина Свети Николе во соработка со Црвен крст – Свети Николе се вклучува во креирање на социјална услуга „Помош и нега во домот“, која обезбедува грижа за стари и изнемоштени лица во нивниот дом. Следен чекор е Црвен крст да започне процес на лиценцирање како провајдер, со цел брзо и ефикасно отпочнување на услугата, одговарајќи на итните потреби на граѓаните.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ➤ РЕСУРСЕН ЦЕНТАР / ДНЕВНА СОБА – ИНКЛУЗИВЕН ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА ДЕЦА СВЕТИ НИКОЛЕ

Центарот ќе обезбеди одржлива, инклузивна и флексибилна услуга за психофизички развој на деца, истовремено нудејќи социјална поддршка за семејства од ранливи категории. Центарот ќе поттикне меѓугенерациска соработка и активно вклучување на сите деца.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ➤ ПОДДРШКА ЗА ИЗГРАДБА НА СТАРЕЧКИ ДОМ – ЈАВНИ И ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ

Општина Свети Николе ќе разгледува можности за поддршка на изградба на старечки дом, како преку јавни проекти така и со поддршка на приватни инвеститори. Домот ќе обезбеди згрижување и нега на изнемоштени лица, ќе креира нови работни места и можности за волонтерски ангажман, а истовремено ќе придонесе за локалната економија преку користење на локални производи и услуги.

**Рок за реализација:** 2025-2029

# Ѕ. ИДЕИ ОД ГРАЃАНИ

## МАНИФЕСТАЦИЈА СПОРТИСТ НА ГОДИНАТА – ПРИЗНАНИЕ ЗА НАШИТЕ ШАМПИОНИ

Ќе ја вратиме традицијата на манифестацијата „Спортист на годината“ во Општина Свети Николе, со цел да ги наградиме најуспешните спортисти, спортски клубови како и спортски работници за нивните достигнувања. Настанот ќе ги мотивира младите за спортски активности, ќе ја промовира спортската култура и ќе ги истакне вредностите на трудот, дисциплината и посветеноста на спортистите од нашиот град. Ова ќе биде свечен момент за сите жители, со поддршка на спортските амбасадори на нашиот град со почит што го прават нашиот град горд расадник на талентирани и успешни спортисти.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ЛЕТНА МЛАДИНСКА АКАДЕМИЈА – ЗНАЕЊЕ И МОЖНОСТИ ЗА МЛАДИТЕ

Општина Свети Николе во соработка со ООУ и СОУ во текот на летниот период ќе организира бесплатна „Летна младинска академија“ за ученици и млади, со обуки по ИТ, јазици, креативни и спортски активности.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ПОСТАВУВАЊЕ НА МЕТАЛНИ ДРЖАЧИ РАКОФАТИ

Општина Свети Николе ќе изврши поставување на метални држачи за ракофати на јавни површини, тротоари и други критични локации за подобрување на безбедноста и удобноста на пешаците, особено за лица со попреченост и за најмладите. Оваа мерка ќе овозможи полесно движење и користење на јавниот простор, како и зголемување на урбаната функционалност.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ИЗГРАДБА НА СПОРТСКО-РЕКРЕАТИВЕН ОБЈЕКТ – ГРАДСКИ БАЗЕН

Проектот предвидува изградба во неколку фази на модерен спортско-рекреативен затворен објект-базен во близина на Шумско стопанство. Кој ќе биде наменет за рекреација, спортски активности и училишна настава по пливање. Со реализацијата ќе се овозможи подобрување на спортската инфраструктура, промоција на здрави навики и квалитетен простор за спорт и рекреација за сите генерации.

**Рок за реализација:** 2025-2029

## ДРУШТВЕНИ ИГРИ ВО БИБЛИОТЕКАТА

Во Библиотеката на Општина Свети Николе во текот на летниот распуст ќе се воведат редовни денови за друштвени игри (шах, дама, табла, монопол, не лути се човеку и др.), достапни за сите граѓани. Овој проект ќе поттикне меѓусебно дружење, развој на интелектуални способности и збогатување на културниот живот за сите возрасти.
**Рок за реализација:** 2025-2029

## ИНИЦИЈАТИВА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЈАВНА УСТАНОВА ЗА АЛТЕРНАТИВНА КУЛТУРА ВО СВЕТИ НИКОЛЕ

Ќе се иницира основање на јавна установа од областа на алтернативната културата, во која Општина Свети Николе ќе воспостави цивилно-јавно партнерство со локални културни здруженија, уметнички колективи и заинтересирани граѓани. Оваа установа ќе биде центар за современи и алтернативни културни практики, со отворен простор за: младинска и независна уметничка продукција, развој на нови културни форми и улична уметност, културни настани и фестивали со регионално значење, инклузивни програми за ранливи групи преку културата. Со тоа Свети Николе ќе добие одржлива институционална платформа, која ќе одговара на потребите на заедницата и ќе ја зајакне локалната културна сцена.
**Рок за реализација:** 2025-2029

## ИЗРАБОТКА НА ПЛАН ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА МЛАДИТЕ НА ПОРОЦИ И АСОЦИЈАЛНО ОДНЕСУВАЊЕ

Општина Свети Николе ќе изработи сеопфатен план за превенција насочен кон намалување на пороците и асоцијалното однесување кај младите. Планот ќе вклучува едукативни програми, работилници, спортски и културни активности, како и кампањи за подигање на јавната свест. Целта е да се поттикне здрав и одговорен начин на живот, развивање на позитивни социјални вештини и намалување на ризичните однесувања меѓу младите.
**Рок за реализација:** 2025-2029

## ДОДЕЛУВАЊЕ НАГРАДИ ЗА НАЈДОБРИ ВРАБОТЕНИ – ДАВАТЕЛИ НА ЈАВНИ УСЛУГИ ОД ЈОУДГ „РАХИЛКА ГОНЕВА“ ОД ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

Со цел мотивирање и препознавање на квалитетниот труд на вработените во јавните установи, се предлага надополнување на Правилникот за начинот, условите, критериумите и постапката за доделување на признанија и награди на Општина Свети Николе. Конкретно: Во член 2 на Правилникот, покрај категориите „Најдобар просветен работник“ и „Најдобар ученик“, се предлага да се воведе и категоријата „Најдобри вработени – даватели на јавни услуги од ЈОУ Детска градинка „Рахилка Гонева“ – негувател и воспитувач или стручно лице“.
**Рок за реализација:** 2025-2029

## УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ДОМУВАЊЕТО ВО ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

Целта на проектот е да се подобри квалитетот и безбедноста на домувањето во станбените згради со формирани заедници на сопственици, преку финансиска поддршка (доделување на финансиски средства за надоместување на дел од трошоците) за реконструкција и одржување на заедничките делови, како што се кровови, фасади, лифтови и хидрантни системи. Овој пристап ќе овозможи: Подобрување на енергетската ефикасност: Реконструкција на фасадите и крововите за намалување на енергетските трошоци; Зголемување на безбедноста: Инсталирање и одржување на хидрантни системи и лифтови за подобрување на безбедноста и пристапноста. Поттикнување за формирање на заедници на сопственици во стамбените згради за домување. Критериуми за доделување на субвенции ќе бидат следниве: Формираност на заедница на сопственици: Зградата мора да има формирана заедница на сопственици, согласно со член 54 на Законот за домување. Регистрираност на заедницата: Заедницата на сопственици мора да биде регистрирана во Централниот регистар на Република Северна Македонија. План за одржување: Зградата мора да има донесено план за одржување, согласно со член 12 на Законот за домување. Извештај за финансиското работење: Заедницата на сопственици мора да достави извештај за финансиското работење за претходната година. Избор на управител: Зградата мора да има избрано управител, согласно со член 18 на Законот за домување.

**Рок за реализација:** 2025-2029

# И. СЕЛА / МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

## ПРОЕКТИ ВО СЕЛО ГОРОБИНЦИ

- Тампонирање/реконструкција и асфалтирање на улици во селото.
- Реконструкција, ревитализација, редовно одржување како и дополнување со нови елементи на детското игралиште во селото, како и изградба на ново детско игралиште.

## ПРОЕКТИ ВО СЕЛО ЕРЏЕЛИЈА

- Тампонирање/реконструкција и асфалтирање на улици во селото.
- Реконструкција, ревитализација, редовно одржување како и дополнување со нови елементи на детското игралиште во селото.
- Пуштање во употреба на детската градинка.

## ПРОЕКТИ ВО СЕЛО МУСТАФИНО

- Тампонирање/реконструкција и асфалтирање на улици во селото.
- Изработка на мост преку речното корито.

## ПРОЕКТИ ВО СЕЛО ПЕШИРОВО

- Тампонирање/реконструкција и асфалтирање на улици во селото.
- Реконструкција, ревитализација, редовно одржување како и дополнување со нови елементи на детското игралиште во селото.

## ПРОЕКТИ ВО МЗ ЦРНИЛИШТЕ

- Тампонирање/реконструкција и асфалтирање на улици во селото како и патниот правец кон Сарамзалино и Пеширово.
- Изградба на ново детско игралиште

## ПРОЕКТИ ВО СЕЛО АМЗАБЕГОВО

- Тампонирање/реконструкција и асфалтирање на улици во селото.
- Реконструкција, ревитализација, редовно одржување како и дополнување со нови елементи на детското игралиште во селото.
- Одржување на канализационата мрежа.

## ПРОЕКТИ ВО СЕЛО КАДРИФАКОВ

- Тампонирање на улици во селото.
- Изградба на канализација.

## ПРОЕКТИ ВО СЕЛО ЃУЃАНЦИ

- Тампонирање на улици во селото.
- Чистење на банкини на патот до селото.
- Чистење на речното корито.

## ПРОЕКТИ ВО СЕЛО КНЕЖЈЕ

- Тампонирање на улици во селото.
- Осветлување на археолошкиот локалитет Била Зора.
- Изградба на канализација.

## ПРОЕКТИ ВО СЕЛО КРУШИЦА

- Тампонирање на улици во селото.

## ПРОЕКТИ ВО СЕЛО НЕМАЊИЦИ

- Тампонирање на улици во селото.
- Одржување на водоводот.

## ПРОЕКТИ ВО СЕЛО ОРЕЛ

- Тампонирање на улици во селото.
- Уредување на просторот околу селската чешма.
- Одржување на водоводот.

## ПРОЕКТИ ВО СЕЛО ПАВЛЕШЕНЦИ

- Спроведување на истражувачки бушотини за снабдување со вода на селото.
- Расчистување на патот до селото.
- Тампонирање на улици во селото.

## ПРОЕКТИ ВО СЕЛО СОПОТ

- Тампонирање на улици во селото.
- Изградба на детско катче – детско игралиште.

## ПРОЕКТИ ВО СЕЛО СТАЊЕВЦИ

- Тампонирање на улици во селото, како и патот до селската црква и гробишта.

## ПРОЕКТИ ВО СЕЛО МАЛИНО

- Тампонирање на улици во селото.

## ПРОЕКТИ ВО СЕЛО МЕЧКУЕВЦИ

- Тампонирање на улици во селото.
- Тампонирање на патот до Манастирот Св. Петка.

## ПРОЕКТИ ВО СЕЛО ТРСТЕНИК

- Спроведување на истражувачки бушотини за снабдување со вода на селото.

## ПРОЕКТИ ВО СЕЛО РАНЧЕНЦИ

- Тампонирање на улици во селото.
- Одржување на водоводот.

**Рок за реализација:** 2025-2029

ВМРО-ДПМНЕ